# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 181 год. LXVII 27 декември 2011, вторник Цената на овој број е 260 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4039. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Газиантеп.................................................... | 3 |
| 4040. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон.................. | 3 |
| 4041. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралство Шведска, со седиште во Стокхолм............................................... | 3 |
| 4042. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралство Холандија, со седиште во Бреда...................................................... | 3 |
| 4043. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Газиантеп.................................................... | 3 |
| 4044. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон.................. | 4 |
| 4045 | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралство Шведска, со седиште во Стокхолм............................................... | 4 |
| 4046. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралство Холандија, со седиште во Бреда...................................................... | 4 |
| 4047. | **Исправка** на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежо земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на резервоар за вода, КО Страчинци, општина Илинден................................. | 4 |
| 4048. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори.............................................. | 5 |
| 4049 | **Правилник** за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение за увоз или извоз на ткива, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за увоз или извоз на ткива. | 8 |
| 4050. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за недонесување на одлука за избор на најдобар ракопис за учебник, односно недонесување решение за одбивање на барањето за избор на најдобар ракопис за учебник.... | 10 |
| 4051. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за недонесување на решение за верификација на ученички дом, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за верификација на ученички дом................... | 12 |
| 4052. | **Правилник** за формата и содржината на образецот и начинот на водење на Регистарот за издадени бродски книшки и дозволи за качување на брод....................................................... | 14 |
| 4053. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на пливачки објекти................................. | 16 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4054. | **Одлука** за утврдување на Буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година.......................................... | **19** |
| 4055. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.......................... | **22** |
| 4056. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита | **26** |
| 4057. | **Одлука** за утврдување на референтни цени за дневна болница и болнички ден во болничка здравствена заштита. | **28** |
| 4058. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко–консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита........................................................ | **29** |
| 4059. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски.................... | **29** |
| 4060. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи.................... | **30** |
| 4061. | **Одлука** за утврдување на надомест за издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување и надомест за повторно активирање на блокирана електронска здравствена картичка................................................ | **31** |
| 4062. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала.......................................... | **31** |
| 4063. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот.......................... | **31** |
| 4064. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, превентивна здравствена заштита и итна медицинска помош со домашно лекување................................ | **32** |
| 4065. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита...... | **32** |
| 4066. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување..................................................... | **33** |
| 4067. | **Одлука** за проширување на систематизацијата на бројот на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово, Основното јавно обвинителство Охрид, Основното јавно обвинителство Кичево, Основното јавно обвинителство Струга, Основното јавно обвинителство Велес, Основното јавно обвинителство Тетово, Основното јавно обвинителство Струмица, Основното јавно обвинителство Скопје.................................................. | **33** |
| 4068. | **Одлука** за избор на виши јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства и јавни обвинители во Основните јавни обвинителства........................................................ | **34** |
| 4069. | **Решение** изменување на Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија.................... | **34** |


**Декларации, заеднички позивии и демарши на Европската унија кон кои е придружува/прифаќа Република Македонија на покана ЕУ**


| | | |
|---|---|---|
| 40. | **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/422/ЗНБП од 18 јули 2011 година за спроведување на Одлуката 2010/603/ЗНБП за понатамошни мерки за поддршка на ефикасното спроведување на мандатот на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија........... | **1** |
| | **Огласен дел..........................................** | **1-92** |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4039.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 20.12.2011 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ГАЗИАНТЕП

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Република Турција, со седиште во Газиантеп.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 140/1
20 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**4040.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 20.12.2011 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО ТУСОН

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во САД, со седиште во Тусон.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 141/1
20 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**4041.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 20.12.2011 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВО ШВЕДСКА, СО СЕДИШТЕ ВО СТОКХОЛМ

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Кралство Шведска, со седиште во Стокхолм.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 142/1
20 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**4042.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 20.12.2011 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВО ХОЛАНДИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО БРЕДА

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Кралство Холандија, со седиште во Бреда.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 146/1
20 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**4043.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на ден 20.12.2011 година донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ГАЗИАНТЕП

1. Се именува Мехмет Али Мутафоглу за Почесен конзул на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Газиантеп.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија."

Бр. 139/1
20 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**4044.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на ден 20.12.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО ТУСОН**

1. Се именува Џејсон Мико за Почесен конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 143/1 Претседател на Владата
20 декември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**4045.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на ден 20.12.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВО ШВЕДСКА, СО СЕДИШТЕ ВО СТОКХОЛМ**

1. Се именува Нилс Арне Олсон за Почесен конзул на Република Македонија во Кралство Шведска, со седиште во Стокхолм.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 144/1 Претседател на Владата
20 декември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**4046.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на ден 20.12.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВО ХОЛАНДИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО БРЕДА**

1. Се именува Корнелис Содер за Почесен конзул на Република Македонија во Кралство Холандија, со седиште во Бреда.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 145/1 Претседател на Владата
20 декември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**4047.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на резервоар за вода, КО Страчинци, општина Илинден, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 167/2011, направена е техничка грешка, поради што се дава

**ИСПРАВКА**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА, КО СТРАЧИНЦИ, ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

Во називот на Одлуката наместо зборовите: „ОПШТИНА ИЛИНДЕН“ треба да стојат зборовите: „ОПШТИНА ГАЗИ БАБА“ и во член 1 од Одлуката наместо зборовите: „општина Илинден“, треба да стојат зборовите: „општина Гази Баба“.

Бр. 51-5074/2 Од Владата на Република
16 декември 2011 година Македонија
Скопје

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**4048.**

Врз основа на член 29 став 8 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА ЗА ПРИГОВОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори.

Член 2

Книгата за приговори е во А4 формат со димензии 210 mm x 297 mm во која се содржани меѓусебно внатрешно поврзани страници.

Предната страна на книгата за приговори ги содржи следните податоци:

- горе на левата страна името на откупувачот, откупното место, вагата за процена и име, презиме и матичен број на проценителот,
- на средината се отпечатува со големи букви КНИГА ЗА ПРИГОВОРИ и
- на долниот дел се отпечатува откуп од годината на бербата на тутунот.

Член 3

Во страните на книгата за приговори се запишуваат следните податоци: на средината се отпечатува со големи букви ЕВИДЕНЦИИ ЗА ПРИГОВОРИ, горе на десната страна името на откупниот пункт, под насловот се отпечатуваат податоци за ден, број на вага, број на договор, име и презиме на тутунопроизводителот, број на лична карта, телефон, место и адреса на живеење. Во табелата се отпечатува реден број, дата на поднесување на приговор, име и презиме на производителот/претставник на здружението, број на договор за откуп, број на бали/кутии, бала број, тип на тутун од категорија I, класа I, II, III, IV и вкупно, тип на тутун од категорија II, класа I, II и вкупно, вкупна количина на откупен тутун од I и II категорија, тежина во кгр., одбитоци (влага, песок и друго), место за потпис на производителот или претставникот од здружението.

Член 4

Книгата за приговори се води во пишана и електронска форма.

Член 5

Формата и содржината на книгата за приговори е дадена во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-11705/3
12 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**ОТКУПУВАЧ:** ____________________________________

**ОТКУПНО МЕСТО**: ________________________________

Вага за проценка бр. ___________

ПРОЦЕНИТЕЛ: ______________________________________

/име, презиме и матичен број/

# К Н И Г А З А П Р И Г О В О Р И

Откуп на тутун од берба __________ год.

Прилог

## ЕВИДЕНЦИИ ЗА ПРИГОВОРИ

Откупен пункт ____________

На ден ____________ на вага бр. ____________ бр. на договор ____________

Тутунопроизводител: ____________ Л.К. Бр. ____________ тел: ____________

од ____________ ул. ____________ бр. ____________

| Ред.бр. | Дата на поднесување на приговор | Име и презиме на производителот/ претставник на здружението | Број на договор за откуп | Број на бали /кутии | Бала број | Тип "_____" категорија I | | | | | Тип "_____" категорија ИИ | | | ВКУПНО I и II категорија | ОДБИТОЦИ | | | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | КЛАСА | | | | | КЛАСА | | | | | | | Производител /претставник од здружение |
| | | | | | | I | II | III | IV | Вкупно | I | II | Вкупно | Тежина кгр | Влага | Песок | Друго | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**4049.**

Врз основа на член 35 став (11) од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11 и 136/11) министерот за здравство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УВОЗ ИЛИ ИЗВОЗ НА ТКИВА, ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УВОЗ ИЛИ ИЗВОЗ НА ТКИВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение за увоз или извоз на ткива, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за увоз или извоз на ткива во рок утврден во членот 35 став (9) од Законот за за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање заради неиздавање на одобрение за увоз или извоз на ткива, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за увоз или извоз на ткива“, со формат А-4 во бела боја, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, назив на правното лице, седиште на правното лице, краток опис поради што се поднесува барањето, број, датум и место и потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за издавање/добивање на одобрение увоз или извоз на ткива.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-10619/3

21 декември 2011 година — Министер,

Скопје — **Никола Тодоров,** с.р.

**Прилог**

До
Писарницата на
министерот за здравство

БАРАЊЕ

заради неиздавање на одобрение за увоз или извоз на ткива, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за увоз или извоз на ткива

Од______________________________________________, со седиште во (назив на правното лице) ________________, на улица _____________________________ број _______.

На _______________ поднесов барање за издавање одобрение за увоз или (ден, месец и година) извоз на ткива.

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Бидејќи во рокот утврден во членот 35 став (9) од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување не е донесено решение за издавање на одобрение за увоз или извоз на ткива, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до министерот за здравство да донесе решение за увоз или извоз на ткива, односно решение за одбивање на барањето за увоз или извоз на ткива.

Кон ова барање доставувам копија од поднесеното барање за добивање решение за издавање на одобрение за увоз или извоз на ткива.

Подносител на барањето

_____________________

Број: _____________
Датум: ____________
Место: ____________

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**4050.**

Врз основа на член 17 став 9 од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 99/09, 83/10, 36/11 и 135/11), министерот за образование и наука, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈДОБАР РАКОПИС ЗА УЧЕБНИК, ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗБОР НА НАЈДОБАР РАКОПИС ЗА УЧЕБНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за недонесување на одлука за избор на најдобар ракопис за учебник, односно недонесување решение за одбивање на барањето за избор на најдобар ракопис за учебник, во рок утврден во член 17 став 7 од Законот за учебници за основно и средно образование.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на Образец: „Барање за недонесување на одлука за избор на најдобар ракопис за учебник, односно недонесување решение за одбивање на барањето за избор на најдобар ракопис за учебник“, со формат А4 во бела боја, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, име и презиме на физичкото лице, адреса на живеење, краток опис на причините поради кои се поднесува барањето, место за потпис на подносителот на барањето и место за број и датум на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за донесување на одлука за избор на надобар ракопис.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-8034/1
19 декември 2011 година
Скопје

Министер,
м-р **Панче Кралев,** с.р.

**Образец**

До писарницата на
претседателот на Националната комисија за учебници

**Б А Р А Њ Е**

за недонесување на одлука за избор на најдобар ракопис за учебник,
односно недонесување решение за одбивање на барањето
за избор на најдобар ракопис за учебник

Подносител на барањето _______________________________, со адреса на
(име и презиме)
живеење во _________________________________, на улица
_______________________________, број _____.

На ____________________ поднесов барање за избор на најдобар ракопис
(ден, месец, година)
за учебник ______________________________________.

Бидејќи во рок утврден во член 17 став 7 од Законот за учебници за основно и средно образование не е донесена одлука со која се избира најдобар ракопис за учебник, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до претседателот на Националната комисија за учебници да донесе одлука за избор на најдобар ракопис за учебник, односно решение за одбивање на барањето за избор на најдобар ракопис на учебник.
Кон ова барање доставувам копие од поднесеното барање за избор на најдобар ракопис за учебник.

**Подносител на барањето**

_______________________________

Датум: ______________
Место: ______________

**4051.**

Врз основа на член 15-а став 2 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05, 117/08, 17/11 и 135/11), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМ, ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за недонесување на решение за верификација на ученички дом, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за верификација на ученички дом во рокот утврден во член 15 став 2 од Законот за ученичкиот стандард.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на Образец: „Барање за недонесување на решение за верификација на ученички дом, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за верификација на ученички дом“, во формат А-4 во бела боја, којшто е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, име и презиме на физичкото лице, односно назив на правното лице – подносител на барањето, адреса на живеење на физичкото лице, односно седиште на правното лице – подносител на барањето, ден, месец и година на поднесување на барањето за верификација на ученички дом, назив на ученичкиот дом кој треба да се верифицира, краток опис на причините поради кои се поднесува барањето, место за потпис на подносителот на барањето и датум и место на поднесување на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за донесување на одлука за верификација на ученички дом.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-8035/1
19 декември 2011 година
Скопје

Министер,
м-р **Панче Кралев,** с.р.

**Образец**

До писарницата на
министерот за образование и наука

**Б А Р А Њ Е**

за недонесување на решение за
верификација на ученички дом, односно недонесување на решение за одбивање
на барањето за верификација на ученички дом

Подносител на барањето ____________________________________, со адреса на
(име и презиме/назив на правното лице)
живеење/седиште во ______________________________, на улица ____________________________________, број _____.

На ________________________ поднесов барање за верификација на ученички
(ден, месец, година)
дом ___________________________________________.

Бидејќи во рок утврден во член 15 став 2 од Законот за ученичкиот стандард не е донесено решение за верификација на ученички дом, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до министерот за образование и наука да донесе решение за верификација на ученички дом, односно решение за одбивање на барањето за верификација на ученички дом.

Кон ова барање доставувам копие од поднесеното барање за верификација на ученички дом.

Подносител на барањето

_____________________________________

Датум: _____________
Место: _____________

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**4052.**

Врз основа на член 82-д став 2 од Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ број 55/07, 26/09, 22/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ БРОДСКИ КНИШКИ И ДОЗВОЛИ ЗА КАЧУВАЊЕ НА БРОД

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот и начинот на водење на Регистарот за издадени бродски книшки и дозволи за качување на брод.

Член 2

Образецот на Регистарот за издадени бродски книшки и дозволи за качување на брод (во натамошниот текст: Регистар) е во правоаголна форма во А3 формат со корица од тврд картон во темно сина боја и меѓусебно поврзани внатрешни страници.

Член 3

Предната страна на корицата на Регистарот содржи: назив Република Македонија, Министерство за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата - Охрид а во средината назив „Регистар за издадени бродски книшки и дозволи за качување на брод“.

Страниците на Регистарот ги содржат следните податоци: реден број, датум на издавање, рок на важење, име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), датум, место и држава на раѓање, државјанство, адреса на живеење, податоци за здравствен преглед и податоци за оспособеност за соодветно звање и забелешка.

Формата и содржината на Регистарот е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Запишаните податоци во Регистарот треба да се јасни и читливи. Во Регистарот не треба да се внесуваат нови зборови, реченици или броеви со кои би се менувала содржината на запишаните податоци. Погрешно внесените податоци треба да се прецртаат така што да останат читливи, а исправките треба да бидат заверени со датум, печат и потпис од лицето што ги внесува податоците.

Член 5

Регистарот се води во пишана и во електронска форма.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-16422/1
14 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

Прилог

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Капетанија на пристаништата – Охрид

## РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ БРОДСКИ КНИШКИ И ДОЗВОЛИ ЗА КАЧУВАЊЕ НА БРОД

| Ред. број | Датум на издавање | Рок на важење | Име и презиме и ЕМБГ | Датум, место и држава на раѓање | Државјанство | Адреса на живеење | Податоци за здравствен преглед | Податоци за оспособеност за соодветно звање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

**4053.**

Врз основа на член 63 став 4 од Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ број 55/07, 26/09, 22/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПЛИВАЧКИ ОБЈЕКТИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на пливачки објекти.

Член 2

Регистарот на пливачки објекти (во натамошниот текст Регистар) е во вид на книга со правоаголна форма во А4 формат со корица од тврд картон во темно сина боја и меѓусебно поврзани внатрешни страници.

Член 3

Предната страна на корицата на Регистарот содржи: назив Република Македонија, Министерство за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата - Охрид а во средината назив „Регистар на пливачки објекти“.

Страниците на Регистарот ги содржат следните податоци: реден број, број и датум на поднесување на барањето, име и презиме односно назив на сопственикот, односно корисникот на пливачкиот објект, вид на пливачкиот објект, име односно ознака на пливачкиот објект, место на поставување на пливачкиот објект, број на свидетелство за баждарење, број на уверение за утврдена способност на пливачкиот објект, број на полиса за осигурување и забелешка.

Формата и содржината на Регистарот е дадена во Прилог кој составен дел на овој правилник.

Член 4

Запишаните податоци во Регистарот треба да се јасни и читливи. Во Регистарот не треба да се внесуваат нови зборови, реченици или броеви со кои би се менувала содржината на запишаните податоци. Погрешно внесените податоци треба да се прецртаат така што да останат читливи, а исправките треба да бидат заверени со датум, печат и потпис од лицето што ги внесува податоците.

Член 5

Регистарот се води во пишана и во електронска форма.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-16424/1
14 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

Прилог

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Капетанија на пристаништата – Охрид

# РЕГИСТАР НА ПЛИВАЧКИ ОБЈЕКТИ

| Ред. број | Број и датум на поднесување на барањето | Име презиме / назив на сопственикот / корисникот на пливачкиот објект | Вид на пливачки објект | Име односно ознака на пливачки објект | Место на поставување на пливачкиот објект | Број на свидетелство за баждарење на пливачки објект | Број на уверение за утврдена способност на пливачки објект | Број на полиса за осигурување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**4054.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), и член 11, 12 и 13 од Правилникот за изготвување и донесување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2012 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува Буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година.

Член 2

Буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година се утврдува на следните износи:

| р.бр. | Здравствена установа | Приходи од Фондот за здравствено осигурување | Сопствени приходи | Приходи од донации | Вкупни приходи | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (3+4+5) | 7 |
| 1 | Стоматолошки клинички центар | 120.000.000 | 55.916.000 | 0 | 175.916.000 | 175.916.000 |
| 2 | Клиника за максилофацијална хирургија | 25.105.342 | 5.792.000 | 0 | 30.897.342 | 30.897.342 |
| 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | 110.027.000 | 46.428.560 | 400.000 | 156.855.560 | 156.855.560 |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 658.085.000 | 42.700.000 | 0 | 700.785.000 | 700.785.000 |
| 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија | 280.490.241 | 40.257.332 | 0 | 320.747.573 | 320.747.573 |
| 6 | ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија | 56.069.000 | 53.274.827 | 0 | 109.343.827 | 109.343.827 |
| АЗТ12 | Кобалт, циклус на зрачења | 19.192 |
| АЗТ13 | Кобалт, циклус на зралења за комплицирани случаи | 32.192 |
| АЗТ14 | Брахитерапија | 22.044 |
| АЗТ15 | IMRT третман на глава и/или врат,комплициран третман | 133.033 |

Пакети за здравствени услуги за спортска медицина (физиологија)

| Шифра | Назив на услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| ФЗЛ1 | Основен пакет за спортска медицина | 950 |
| ФЗЛ2 | Проширен пакет за спортска медицина | 2.060 |

Пакетите за здравствени услуги за спортска медицина се однесуваат за лица кои аматерски се занимаваат со спорт.

Респираторни пакети за дијагностика и третман на респираторни заболувања кај децата

| Шифра | Назив на услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| ДРП1 | Основен респираторен пакет за деца | 1.400 |
| ДРП2 | Проширен респираторен пакет за деца | 2.000 |
| ДРП3 | Проширен респират□рен пакет за деца со гасни анализи | 2.400 |
| ДРП4 | Респираторен пакет за хронична патологија кај деца | 3.000 |
| ДРП5 | Респираторен пакет за хронична патологија кај деца со контролна дијагностика | 750 |
| ДРП6 | Пакет за дијагностика на хроничен опструктивен синдром кај деца | 2.500 |
| ДРП7 | Пакет за егзацербирани хронични респираторни состојби кај деца | 2.550 |
| ДРП8 | Пакет за дијагностика на бронхијална астма и бронхиектазии кај деца | 2.700 |
| ДРП9 | Пакет за дијагностика на цистична фиброза кај деца | 3.500 |
| ДРП10 | Пакет за дијагностика на туберкулоза кај деца | 2.350 |
| ДРП11 | Специјалистички пакет со бронхоскопија кај деца | 3.700 |

Алерголошки пакет за дијагностика и третман на алергиски заболувања кај децата

| Шифра | Назив на услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| ДАП1 | Алерголошки пакет со експириран NO кај деца | 2.600 |

Член 2

Во Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 122/2010, 154/2010, 33/2011 и 99/2011), во член 2 став 2, датумот „01.01.2012“ се заменува со датумот „01.06.2012“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува за Респираторни и алерголошки пакети за дијагностика и третман на заболувања кај деца од 1 февруари 2012 година додека за Пакети на здравствени услуги за радиотерапија и Пакети за здравствени услуги за спортска медицина (физиологија) од 1 април 2012 година.

Бр. 02-18660/24
15 декември 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Јован Грповски,** с.р.

---

**4060.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи („Службен весник на Република Македонија“ број 164/2008, 5/2009, 8/2009, 18/2009, 158/2009, 2/2010, 9/2010, 16/2010, 81/2010, 171/2010, 33/2011, 66/2011 и 99/2011), во членот 2, во табелата, се вршат следните измени:

Кај услугата со ДСГ код А09А - „Трансплантација на бубрег со трансплантација на панкреас или со катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „497.134“ се заменува со бројот „970,430“.

Кај услугата со ДСГ код А09В - „Трансплантација на бубрег без трансплантација на панкреас, без катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „355.096“ се заменува со бројот „581.389“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/26 Управен одбор,
15 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Јован Грповски,** с.р.

---

**4061.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 10 а и член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 27, 27-а и 27-б од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2011, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА НОВА ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И НАДОМЕСТ ЗА ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ НА БЛОКИРАНА ЕЛЕКТРОНСКА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА**

Член 1

За издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување осигуреното лице плаќа надомест во висина од 500 денари.

Член 2

За повторно активирање на блокирана електронска здравствена картичка осигуреното лице плаќа надомест во висина од 250 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/21 Управен одбор,
15 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Јован Грповски,** с.р.

**4062.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 15, а во врска со член 54 став 1 точка 8 и член 63-а, 63-б и 63-в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 81/2010), во членот 7 се менува и гласи:

„Член 7

Како референтна цена на помагалото во референтната земја се зема најниската референтна цена на истото помагало во таа земја.

Ако во некоја од референтните земји нема референтна цена за одредено помагало, споредбата од член 8 се врши со референтните цени од земјите во кои таква цена има.

Во случај кога само во една од референтните земји има референтна цена на ортопедското и друго помагало споредбата од член 8 се врши со референтната цена од таа земја.“

Член 2

Во член 8 став 1, зборот „просечната“, се заменува со зборот „најниската“.

Член 3

Во член 9 став 2, зборот „одредува“ се заменува со зборот „утврдува“, а зборот „просечната“ се заменува со зборот „најниската“.

Член 4

Членот 10 се менува и гласи:

„Член 10

Цена на помагалото за кое не е можно да се определи цена за споредба од референтните земји, се утврдува врз основа на предлог-цена и медицинско – економска студија која треба да ја достави носителот на Решението за ставање на ортопедското помагало во промет на територијата на Република Македонија.“

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/4 Управен одбор
15 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Јован Грповски,** с.р.

---

**4063.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000,96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 92/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА КОИ ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА МОЖЕ ДА ГИ ДОБИЕ ЗА ИЗДАДЕНИ ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот („Службен весник на Република Македонија" број 33/2010, 44/2010, 65/2010, 127/2010 и 33/2011), во членот 10, став 1, алинеја 5 се брише, а алинеите од 1, 2, 3, 4, 6 и 7 се менуваат и гласат:

- за аптеки кои имаат реализација на квота под 40%, квотата им се намалува за 40%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 40 до 50% квотата им се намалува за 30%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 50 до 60% квотата им се намалува за 20%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 60 до 70% квотата им се намалува за 10%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 70 до 90% квотата не се менува;
- за аптеки кои имаат реализација на квота над 90% квотата им се зголемува до 20% во зависност од расположивите средства добиени со намалувањето на квотите од другите аптеки.

Член 2

Во членот 10 се додава нов став 4 кој гласи:

„При ревидирањето на квотите на здрвствените установи-аптеки, не важат ограничувањата од член 9 од овој правилник".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/5 Управен одбор,
15 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Јован Грповски,** с.р.

---

**4064.**

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ СО ДОМАШНО ЛЕКУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 14/2008, 164/2008, 16/2010, 44/2010, 63/2010, 171/2010 и 95/2011) во член 4 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствени услуги во првото, второто и третото тромесечје и проекцијата за четвртото тромесечје од претходната година по превентивна здраствена заштита, итна медицинска помош со домашно лекување, по утврдени пакети на здравствени услуги."

Ставовите 2, 3 , 4, 5 и 6 стануваат 3, 4, 5, 6 и 7.

По ставот 7 се додаваат два нови става 8 и 9 кои гласат:

„По исклучок при утврдувањето на надоместокот за здравствените установи дефинирани во ставовите 4 и 5 на член 69 во Законот за здравствено осигурување, како главни критериуми за утврдување на надоместокот ќе се применат остварените трошоци во претходната година кои се неопходни за целосно функционирање.

Надоместокот се определува за јавни здравствени установи кои вршат превентивна, дел од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, кај кои Фондот врши корекција на индексот на остварување на вкупната вредност на видот и обемот на здравствени услуги во однос на договорениот надоместок. По предлог на Фондот пред склучувањето на договорите, Владата ги утврдува јавните здравствени установи за кои се обезбедува целосно нивно функционирање."

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/6 Управен одбор,
15 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Јован Грповски,** с.р.

---

**4065.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 14/2008, 118/2008, 164/2008, 16/2010, 44/2010, 63/2010 , 171/2010 и 95/2011), Во членот 4 по ставот 6 се додаваат два нови става 7 и 8 кои гласат:

„По исклучок при утврдувањето на надоместокот за здравствените установи дефинирани во ставовите 4 и 5 на член 69 во Законот за здравствено осиуирување, како главни критериуми за утврдување на надоместокот ќе се применат остварените трошоци во претходната година кои се неопходни за нивно целосно функционирање.

Надоместокот се определува за јавни здравствени установи кои вршат превентивна, дел од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита кај кои Фондот врши корекција на индексот на остварување на вкупната вредност на видот и обемот на здравствени услуги во однос на договорениот надоместок. По предлог на Фондот пред склучувањето на договорите, Владата ги утврдува јавните здравствени установи за кои се обезбедува нивно целосно функционирање.

Член 2

Во членот 9-а по ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6 кои гласат:

„Здравствените услуги за акутните болнички случаи, извршени во здравствените установи кои согласно Законот за здравствена заштита пружаат терцијарна здравствена заштита, се искажуваат по ДСГ методата зголемени за 10 % на месечно ниво.

Здравствените услуги извршени во специјализираните здравствени установи за детска популација како и во специјализирани здравствени установи кои пружаат услуги за психијатриски акутни болнички случаи се искажуваат зголемени за 25% над извршената вкупна вредност на видот и обемот на ДСГ здравствените услуги на квартално ниво. "

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/7 — Управен одбор,
15 декември 2011 година — Претседател,
Скопје — **Јован Грповски,** с.р.

**4066.**

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 105/2011), во членот 74 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„За хоспитализирани болни, доколку здравствената установа има потреба од сервисни услуги од друга здравствена установа, тоа го прави со Упат за сервисни услуги- за хоспитализирани пациенти."

Член 2

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/18 — Управен одбор
15 декември 2011 година — Претседател,
Скопје — **Јован Грповски,** с.р.

---

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**4067.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ" бр.150/2007 година), Советот на јавните обвинители, на одржаната сто и петта седница на 26.12.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА БРОЈОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО КУМАНОВО, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ОХРИД, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО КИЧЕВО, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СТРУГА, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВЕЛЕС, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ТЕТОВО, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СТРУМИЦА, ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ.**

I

Со донесување на оваа одлука се врши проширување на систематизацијата на бројот на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово,

Охрид, Кичево, Струга, Велес, Тетово, Струмица и Скопје, предходно утврдена со Одлука донесена од страна на Советот на јавните обвинители на ден 01.09.2008 година.

II

Проширувањето се однесува на точките 13,16,17,22, 23,24,25,26, од Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства, па така точка 13 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево и (4) четири јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", точката 16 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово и (11) единаесет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", " точката 17 ќе гласи "Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид и (5) пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", точката 22 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје и (58) пеесет и осум јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", точката 23 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга и (4) четири јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", точката 24 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струмица и (8) осум јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", точката 25 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес и (8) осум јавни обвинители во Основното јавно обвинителство", точката 26 ќе гласи " Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово и (9) девет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство".

III

Оваа одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

А.бр.242-13/11 Совет на јавните обвинители
26 декември 2011 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Костадин Кизов,** с.р.

---

**4068.**

Врз основа на член. 40 ст.2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ" бр.150/07), член 9, член. 38 став1 и член 39 став 1 и став 2 од Законот за Советот на јавните обнвинители на Република Македонија, („Службен весник на РМ" бр.150/07), Советот на јавните обвинители на Република на сто и петтата седница одржана на 26.12.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ВИШИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ВИШИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

I

За јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје се избира:

1. Елвин Вели.

II

За јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола се избира:

1. Ќани Абдули.

III

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје се избираат:

1.Фатиме Фетаи
2.Миле Арсениевски.

IV

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово се избира:

1.Теута Бедиу Рамадани.

V

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово се избира:

1.Бесир Алиу.

VI

Оваа одлука влегува во сила на ден 26.12.2011 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОИ.бр.5/11 Совет на јавните обвинители
26 декември 2011 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Костадин Кизов,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**4069.**

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 13, а во врска со член 38 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10 и 53/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ПРИ УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 93/11 и 129/11) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1984/7
20 декември 2011 година Директор,
Скопје **Дејан Рунтевски,** с.р.

**Прилог 1**

Храна за животни и храна за исхрана на луѓе од неживотинско потекло која подлежи на зголемено ниво на официјални контроли на определените места на влез во Република Македонија

| Храна за животни и храна од неживотинско потекло (предвидена употреба) | CN код[1] | Земја на потекло | Опасност | Фреквенција на физички проверки и проверки на идентитет изразени во проценти (% |
|---|---|---|---|---|
| Лешници (со лушпа или излупени) *(Храна за животни и храна)* | 0802 21 00; 0802 22 00 | Азербејџан (AZ) | Афлатоксини | 10 |
| Свежа бамија *(Храна)* | ex 0709 90 90 | Индија (IN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[2] | 10 |
| Кикирики, во мешунка Кикирики, излупени Путер од кикирики Кикирики, приготвени или чувани на друг начин *(Храна за животни и храна)* | - 1202 41 00; - 1202 42 00; - 2008 11 10; - 2008 11 91; 2008 11 96; 2008 11 98; | Бразил (BR) | Афлатоксини | 10 |
| Сушени тестенини *(Храна)* | ex 1902 | Кина (CN) | Алуминиум | 10 |
| Семки од мешунки (*Vigna unguiculata spp. sesquipedalis)* Горчлива лубеница *(Momordica charantia)* Долгнавеста тиква (*Lagenaria siceraria)* Пиперки (*Capsicum spp.)* Модар патлиџан *(Храна - свежа, изладен или замрзнат зеленчук)* | - ex 0708 20 00; ex 0710 22 00; - ex 0709 99 90; ex 0710 80 95; - 0709 60 10; ex 0709 60 99; 0710 80 51; ex 0710 80 59; - 0709 30 00; ex 0710 80 95 | Доминиканска Република (DO) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[3] | 50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кикирики, во мешунка<br>Кикирики, излупени<br>Путер од кикирики<br>*(Храна за животни и храна)* | - 1202 41 00;<br>- 1202 42 00;<br>- 2008 11 10 | Гана (GH) | Афлатоксини | 50 |
| Листови од кориандер<br>Босилек (сладок)<br>*(Храна – свежи тревки)* | - ex 0709 90 90;<br>- ex 1211 90 85 | Таиланд (TH) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[4] | 20 |
| Семки од мешунки (*Vigna unguiculata spp. sesquipedalis*)<br>Модар патлиџан<br>Зелки<br>*(Храна – свеж, оладен или замрзнат зеленчук)* | - ex 0708 20 00; ex 0710 22 00;<br>- 0709 30 00; ex 0710 80 95;<br>- 0704; ex 0710 80 95 | Таиланд (TH) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[4] | 50 |
| Листови од кари (*Bergera/ Murraya koenigii*)<br>*(Храна – свежи тревки)* | ex 1211 90 85 | Индија (IN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[5] | 10 |
| Листови од кориандер<br>Босилек (сладок)<br>Нане<br>*(Храна – свежи тревки)* | - ex 0709 90 90;<br>- ex 1211 90 85;<br>- ex 1211 90 85 | Таиланд (TH) | Салмонела[6] | 10 |
| Портокали (свежи или сушени)<br>Праски<br>Калинки<br>Јагоди<br>*(Храна – свежо овошје и зеленчук)* | - 0805 10 20; 0805 10 80;<br>- 0809 30 90;<br>- ex 0810 90 75;<br>0810 10 00; | Египет (EG) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[7] | 10 |

---

4

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Слатки пиперки (*Capsicum annum)* Патлиџани *(Храна – свеж, оладен или замрзнат зеленчук)* | - 0709 60 10; 0710 80 51; - 0702 00 00; 0710 80 70 | Турција (TR) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[8] | 10 |
| Пиперка (други освен слатки) (*Capsicum spp.*) *(Храна - свежа)* | ex 0709 60 99; ex 0710 80 59 | Таиланд (TH) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[9] | 10 |
| Листови чај (црн и зелен) *(Храна)* | 0902 | Кина (CN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[10] | 10 |
| Цитрон (*Citrus maxima*) *(Храна)* | ex 0805 40 00 | Кина (CN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[11] | 20 |
| Пиперки (слатки и други освен слатки) (*Capsicum spp.*) *(Храна – свежа, оладена или замрзната)* | 0709 60 10; ex 0709 60 99; 0710 80 51; ex 0710 80 59 | Египет (EG) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи[12] | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Чили пиперка (*Capsicum annum*), цела<br>Чили пиперка (*Capsicum annum*), толчена или мелена<br>Кари (производи од чили)<br>Морско оревче (*Myristica fragrans*)<br>Мускатно оревче (*Myristica fragrans*)<br>Ѓумбир (*Zingiber officinale*)<br>*Curcuma longa* (куркума)<br>*(Храна – сушени зачини)* | - 0904 21 10;<br>- ex 0904 22 00;<br>- 0910 91 05;<br>- 0908 11 00; 0908 12 00;<br>- 0908 21 00; 0908 22 00;<br>- 0910 11 00; 0910 12 00;<br>- 0910 30 00; | Индија (IN) | Афлатоксини | 20 |
| Кикирики, во мешунка<br>Кикирики, излупени<br>Путер од кикирики<br>Кикирики, приготвени или чувани на друг начин<br>*(Храна за животни и храна)* | - 1202 41 00;<br>- 1202 42 00;<br>- 2008 11 10;<br>- 2008 11 91; 2008 11 96; 2008 11 98 | Индија (IN) | Афлатоксини | 20 |
| Адитиви во храна за животни и предмешавини<br>*(Храна за животни)* | ex 2309;<br>2917 19 90;<br>ex 2817 00 00;<br>ex 2820 90 10;<br>ex 2820 90 90;<br>ex 2821 10 00;<br>ex 2825 50 00;<br>ex 2833 21 00;<br>ex 2833 25 00;<br>ex 2833 29 20;<br>ex 2833 29 80;<br>ex 2835;<br>ex 2836;<br>ex 2839; 2936 | Индија (IN) | Кадмиум и олово | 10 |
| Лубеница (*egusi, Citrullus lanatus*) семки или деривати<br>*(Храна)* | ex 1207 99 97;<br>ex 1106 30 90;<br>ex 2008 99 99 | Нигерија (NG) | Афлатоксини | 50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Чили пиперка (*Capsicum annum*), цела<br>Чили пиперка (*Capsicum annum*), толчена или мелена<br>*(Храна – сушени зачини)* | - 0904 21 10;<br>- ex 0904 22 00 | Перу (PE) | Афлатоксини и Охратоксин А | 10 |
| Суво грозје (винско овошје)<br>*(Храна)* | 0806 20 | Узбекистан (UZ) | Охратоксин А | 50 |
| Кикирики, во мешунка<br>Кикирики, излупени<br>Путер од кикирики<br>Кикирики, приготвени или чувани на друг начин<br>*(Храна за животни и храна)* | - 1202 41 90;<br>- 1202 420 00;<br>- 2008 11 10;<br>- 2008 11 91;<br>2008 11 96;<br>2008 11 98 | Јужна Африка (ZA) | Афлатоксини | 10 |
| Чили (*Capsicum annum*) толчено или мелено<br>Кари (производи од чили)<br>Curcuma longa (куркума)<br>*(Храна – сушени зачини)*<br>Црвено палмино масло<br>*(Храна)* | ex 0904 22 00;<br>- 0910 91 05;<br>- 0910 30 00;<br>- ex 1511 10 90 | Сите трети земји | Судан бои (Судан бои се однесува на следните хемиски супстанции:<br>- Судан (CAS број 842-07-9);<br>- Судан (CAS број 3118-97-6);<br>- Судан (CAS број 85-86-9);<br>- Светло црвена, или Судан IV (CAS број 85-83-6). | 10 |

[1] Кадешто само некои производи под некој CN код се бара да бидат прегледани и не постојат никакви подподелби под код во номенклатурата на добрата, CN кодот е означен со „ex“ (на пример, ex 1006 30: само Басмати ориз за директна човечка употреба е вклучен).

[2] Кај некои резидуи на: ацефат, метамидофос, триазофос, ендосулфан, монокротофос.

[3] Кај некои резидуи на: амитраз, ацефат, алдикарб, беномил, карбендазим, хлорфенапир, хлорпирифоз, CS2 (дитиокарбамати), дијафентиурон, диазинон, дихлорвос, дикофол, диметоат, ендосулфан, фенамидон, имидаклоприт, малатион, метамидофос, метиокарб, метомил, монокротофос, ометоат, оксамил, профенофос, пропиконазол, тиабендазол, тиаклоприд.

[4] Кај некои резидуи на: ацефат, карбарил, карбендазин, карбофуран, хлорпирифос, хлорпирифоз-метил, диметоат, етион, малатион, металаксил, метамидофос, метомил, монокротофос, ометоат, профенофос, протиофос, квиналфос, триадимефон, триазофос, дикротофос, EPN, трифорин.

[5] Кај некои резидуи на: триазофос, оксидеметон-метил, хлорпирифос, ацетамиприд, тиаметоксам, клотианидин, метамидофос, ацефат, пропаргит, монокротофос.

[6] Референтен метод EN ISO 6579 или метод валидиран во однос на него, како што е пропишано во член 5 од Регулативата 2073/2005 на Европската Комисија.

[7] Кај некои резидуи на: карбендазин, цифлутрин, ципродинил, диазинон, диметоат, етион, фенитротион, фенпроатрин, флудиоксонил, хексафлумурон, ламбда-циалотрин, метиокарб, метомил, ометоат, оксамил, фентоат, тиофанат-метил.

[8] Кај некои резидуи на: метонил, оксамил, карбендазим, клофентезин, дијафентиурон, диметоат, форметанат, малатион, процимидон, тетрадифон, тиофанат-метил.

[9] Кај некои резидуи на: карбофуран, метомил, ометоат, диметоат, триазофос, малатион, профенофос, протиофос, етион, карбендазин, трифорин, процимидон, форметанат.

[10] Кај некои резидуи на: бупрофезин; имидаклоприд; фенвалерат и есфенвалерат (сума од RS и SR изомери); профенофос; трифлуралин;триазофос; триадимефон и триадименол (сума од триадимефон и триадименол), куперметрин (куперметрин вклучувајќи други микстури на конституирачки изомери (сума од изомери)).

[11] Кај некои резидуи на: триазофос, триадимефон и триадименол (сума од триадимефон и триадименол), паратион-метил, фентоат.

[12] Кај некои резидуи на: карбофуран (сума), хлорпирифос, киперметрин (сума), кипроконазол, дикофол (сума), дифеноконазол, динотефуран, етион, флусилазол, фолпет, прохлорас, профенофос, пропиконазол, тиофанат-метил и трифорин.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011181